30.09.2020

Јавно претпријатие за јавни паркиралишта
ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ
Бр. 03-1892/3
21.10.2020 год.
КАВАДАРЦИ

ИЗВЕШТАЈ
За работењето на ЈП ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ
За период 01.01.2020 - 30.09.2020 година

Ј.П. ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ
Општина Кавадарци

1. ВОВЕД

Јавното претпријатие за изградба, одржување и користење на јавни паркинг простори ЈП Паркинг Кавадарци е основано со Одлука на Советот на Општина Кавадарцина 24.04. 2018 и регистрирано во Централниот регистар на Република Македонија.

Првичната идеја за неговото основање беше на системски начин да се реши проблемот со паркирањето на моторни возила во градот Кавадарци со определување и уредување на паркинг места и паркиралишта и да допридонесе за комуналниот ред во градот Кавадарци. Јавното претпријатие за изградба, одржување и користење на јавни паркинг простори "ЈП ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ"- Кавадарци поаѓа од целите и интересите утврдени на ниво на Општина како и на Јавното претпријатие засновани на расположливите средства за работа и достигнатитот степен за развој.

Согласно проектот на 24 ИНГ ДООЕЛ БИТОЛА на почеток ЈП ПАРКИНГ располагаше со вкупно 1000 паркинг места поделени во три зони и тоа:

- А зона со 4 подзони и вкупно 108 паркинг места,
- В зона со 13 подзони со вкупно 507 паркинг места и
- С зона со 9 подзони и вкупно 385 места.

3% од вкупниот број на места е резервиран за лица со инвалидитет кои се ослободени од плаќање.

Од вкупниот број на паркинг места, предвидено беше дека околу 46% или 460 паркинг места ќе се користат од страна на станари на колективни или индивидуални станбени згради кои немаат паркинг места, гаражи или слободен пристап до дворните површини и тоа со повластени услови за годишна дозвола за паркирање. Истовремено, со Одлука на советот на Општина Кавадарци во се изврши проширување и организирање на Зонско паркирање во паркинг Зона-Ц и тоа со дополнителни паркинг места на просторите помеѓу зградите кои граничат со Бул Вељко Влаховиќ, Бул Цветан Димов, Бул. Македонија и Бул. Никола Минчев, а исто така се пушти во употреба и новиот Паркинг-Анот, се зголемија капацитетите за паркирање во Зона-Ц и во Зона-Б, што ќе допринесе за решавање на проблемот со паркинг места за станарите од овој дел на градот, како и проблемот со паркирање на комбињата и другите возила на пазарциите во пазарните денови.

На 30.06.2020 направен е попис на сите паркинг места по Зони и Подзони, со цел да се евидентираат сите паркинг места и да имаме точна состојба со капацитетите на ЈП Паркинг, после извршените проширувања, а на почетокот на Септември со Одлука на советот се преквалификуваа Зона Б-5, Б-6 и Б-7 во Зона А-5, А-6 и А-7, при што се дојде до следниот број на места со кои располага ЈП Паркинг и тоа: Во Зона-А има вкупно 219 комерцијални паркинг места, во Зона-Б вкупно 376 паркинг места и во Зона-Ц има 868 паркинг места, или се вкупно ЈП Паркинг располага со 1463 места. Исто така ЈП Паркинг Кавадарци стопанисува и со простор во Депото на Северен Булевар, каде што е организирано издавање под закуп на гаражни места за земјоделска и приклучна механизација и моторни возила. И овде се направи попис на вкупниот број на места за издавање, издадено и слободни места. Со пописот се установи дека на располагање има вкупно 221 место, од кои досеаг има издаено 211 гаражни места и слободни за издавање 10 гаражни места.

ЈП Паркинг Кавадарци, со обавување на својата основна дејност- организирање на Зонско паркирање, официјално започна со работа на 5-ти Февруари, со првичен толерантен тест период од 10 дена, а со целосен капацитет и перформанси се започна со работа на 15 Февруари 2020 година.

Приходите што ЈП Паркинг ги остварува, се преку следното портфолио на услуги:

1. **ПАРКИРАЊЕ со испраќање на СМС пораки преку мобилните Оператори**

Во овој период, од започнувањето па заклучно со 30 Септември, по месеци, реализирани се следните резултати во делот на СМС паркинг сесии по зони:

РЕАЛИЗИРАНИ СМС Пораки или ПАРКИНГ-СЕСИИ

ФЕВРУАРИ	**ВКУПНО**	**30.248**	100%
	ЗОНА- А	6.083	20%
	ЗОНА – Б	18.143	60%
	ЗОНА – Ц	6.022	20%

				03Vs02
МАРТ	**ВКУПНО**	**21.438**	100%	**-29%**
	ЗОНА- А	4.447	21%	-27%
	ЗОНА – Б	12.579	59%	-31%
	ЗОНА – Ц	4.412	21%	-27%

04 Vs 03

АПРИЛ	**ВКУПНО**	**12.547**	100%	**-41%**
	ЗОНА- А	3.282	26%	-26%
	ЗОНА – Б	6.734	54%	-46%
	ЗОНА – Ц	2.531	20%	-42%

05 Vs 04

МАЈ	**ВКУПНО**	**16.600**	100%	**32%**
	ЗОНА- А	4.381	26%	33%
	ЗОНА – Б	9.078	55%	35%
	ЗОНА – Ц	3.141	19%	24%

06 Vs 05

ЈУНИ	**ВКУПНО**	**29.559**	100%	**78%**
	ЗОНА- А	6.388	22%	45%
	ЗОНА – Б	16.821	57%	85%
	ЗОНА – Ц	6.350	21%	102%

07 Vs 06

ЈУЛИ	**ВКУПНО**	**30.699**	100%	**4%**
	ЗОНА- А	6.823	22%	7%
	ЗОНА – Б	17.088	56%	2%
	ЗОНА – Ц	6.788	22%	7%

08 Vs 07

АВГУСТ	**ВКУПНО**	**25.867**	100%	**-16%**
	ЗОНА- А	5.690	22%	-17%
	ЗОНА – Б	14.346	55%	-16%
	ЗОНА – Ц	5.831	23%	-14%

09 Vs 08

СЕПТЕМВРИ	**ВКУПНО**	**29.894**	100%	**78%**
	ЗОНА- А	9.226	31%	62%
	ЗОНА – Б	14.334	48%	-0,1%
	ЗОНА – Ц	6.334	21%	8,6%

ИСКОРИСТЕНОСТ во % НА ПАРКИНГ МЕСТАТА ДНЕВНО, и просечно ЧАСОВИ /на 1 Паркинг место

			во ФЕВРУАРИ - (од 15 до 29-ти)			
	Вкупно расположиви паркинг места	Максимален Дневен капацитет на Паркинг часови	ИСПРАТЕНИ ВКУПНО СМС ПАРКИНГ-СЕСИИ	Дневно СМС пораки по Зони	Процент на искорис теност	Просечно дневно часови на 1 место
A+B+C	**971**	**12,439**	**30,248**	**2,161**	**17%**	**2.2**
ЗОНА- A	**108**	1,512	6,083	435	29%	**4.0**
ЗОНА- B	**478**	6,692	18,143	1,296	19%	**2.7**
ЗОНА- C	**385**	4,235	6,022	430	10%	**1.1**

			во МАРТ - (од 01 до 31-ви)				МАРТ Vs ФЕВ
	Вкупно расположиви паркинг места	Максимален Дневен капацитет на Паркинг часови	ИСПРАТЕНИ ВКУПНО СМС ПАРКИНГ-СЕСИИ	Дневно СМС пораки по Зони	Процент на искорис теност	Просечно дневно часови на 1 место	Помалку испратени СМС ДНЕВНО во МАРТ
A+B+C	**971**	**12,439**	**21,438**	**825**	**7%**	**0.8**	**-62%**
ЗОНА- A	**108**	1,512	4,447	171	11%	**1.6**	-61%
ЗОНА- B	**478**	6,692	12,579	484	7%	**1.0**	-63%
ЗОНА- C	**385**	4,235	4,412	170	4%	**0.4**	-61%

			АПРИЛ - СМС+Билети			
	Вкупно расположиви паркинг места	Макс. Дневен капац. на Парк/часови	Вкупно СМС ПАРКИНГ-часови	**Дневно СМС** пораки по Зони	Процент на Дневна искористеност	Просечно **дневно часови** на 1 место
A+B+C	**971**	**12.439**	**14.939**	**650**	**5%**	**0,7**
ZONA-A	**108**	1.512	3.941	**171**	11%	**1,6**
ZONA-B	**478**	6.692	8.412	**366**	5%	**0,8**
ZONA-C	**385**	4.235	2.586	**112**	3%	**0,3**

			M A J - СМС+Билети			
Вкупно расположиви паркинг места	Макс. Дневен капац. на Парк/часови	Вкупно СМС ПАРКИНГ-часови	**Дневно СМС** пораки по Зони	Процент на Дневна искористеност	Просечно **дневно часови** на 1 место	
971	**12.439**	**19.316**	**773**	**6%**	**0,8**	
108	1.512	5.276	**211**	14%	**2,0**	
478	6.692	10.852	**434**	6%	**0,9**	
385	4.235	3.188	**128**	3%	**0,3**	

			Ј У Н И - СМС+Билети			
	Вкупно расположиви паркинг места	Макс. Дневен капац. на Парк/часови	Вкупно СМС ПАРКИНГ-часови	**Дневно СМС** пораки по Зони	Процент на Дневна искористеност	Просечно **дневно часови** на 1 место
A+B+C	**971**	**12.439**	**34.092**	**1.311**	**11%**	**1,3**
ZONA-A	**108**	1.512	7.606	**293**	19%	**2,7**
ZONA-B	**478**	6.692	19.989	**769**	11%	**1,6**
ZONA-C	**385**	4.235	6.497	**250**	6%	**0,6**

			Ј У Л И - СМС + Билети			
	Вкупно расположиви паркинг места	Макс. Дневен капац. на Парк/часови	Вкупно СМС ПАРКИНГ-часови	**Дневно СМС** пораки по Зони	Процент на Дневна искористеност	Просечно **дневно часови** на 1 место
A+B+C	**971**	**12.439**	**35.180**	**1.303**	**10%**	**1,3**
ZONA-A	**108**	1.512	8.178	**303**	20%	**2,8**
ZONA-B	**478**	6.692	20.108	**745**	11%	**1,6**
ZONA-C	**385**	4.235	6.894	**255**	6%	**0,7**

			А В Г У С Т - СМС + Билети			
	Вкупно расположиви паркинг места	Макс. Дневен капац. на Парк/часови	Вкупно СМС ПАРКИНГ-часови	**Дневно СМС** пораки по Зони	Процент на Дневна искористеност	Просечно **дневно часови** на 1 место
A+B+C	**971**	**12.439**	**29.454**	**1.133**	**9%**	**1,2**
ZONA-A	**108**	1.512	6.700	**258**	17%	**2,4**
ZONA-B	**478**	6.692	16.821	**647**	10%	**1,4**
ZONA-C	**385**	4.235	5.933	**228**	5%	**0,6**

			СЕПТЕМВРИ - СМС + Билети			
	Вкупно расположиви паркинг места	Макс. Дневен капац. на Парк/часови	Вкупно СМС ПАРКИНГ-часови	**Дневно СМС** пораки по Зони	Процент на Дневна искористеност	Просечно **дневно часови** на 1 место
A+B+C	**1.463**	**17.878**	**34.443**	**1.378**	**8%**	**1,0**
ZONA-A	**219**	3.066	10.753	**430**	14%	**2,0**
ZONA-B	**376**	5.264	17.226	**689**	13%	**1,8**
ZONA-C	**868**	9.548	6.464	**259**	3%	**0,3**

Со анализа на табелите по месеци, за бројот на реализираните СМС паркинг-часови на просечно дневно ниво и на месечно, може да се види дека со делумното стабилизирање на состојбата после укинувањето на рестриктивните мерки, дневниот број на СМС паркинг-часови се движи во просек помеѓу 1200 и 1300 СМС паркирања. Ова првично покажува дека капацитетот на Кавадарци во делот на користењето на СМС паркирањето е отприлика овој број, кој е на приближно исто ниво во последните 3 месеци. За очекување би било дека доколку се воведе ГПС следење и тракинг на записи за контролирани и запазени возила од страна на контролорите, по време и Подзона, како и со соодветна стимулација на поединечни резултати на контролорите, ќе се дојде до поголема ажурност и ефикасност кај дел од контролорите, и би се постигнал можен и посакуван таргет од 1.500 СМС паркирања. Но истовремено, натамошниот тренд во голема мерка ќе зависи и од евентуални повторни влошувања на ситуацијата и воведување на рестриктивни мерки.

2. ПАРКИРАЊЕ со купување на Паркинг билет-Грепка

Освен со испраќање на СМС пораки за Зонско паркирање, ЈП Паркинг овозможи и паркирање со купување на паркинг Билет-грепка, на повеќе места во градот во сите Зони за паркирање, преку овластени дистрибутери-Тобака, при што реализирани се по месеци:

РЕАЛИЗИРАНИ ПАРКИНГ БИЛЕТИ-ГРЕПКИ				
ФЕВРУАРИ	**ВКУПНО**	**8.814**	100%	
	ЗОНА- А	2.852	32%	
	ЗОНА – Б	4.202	48%	
	ЗОНА – Ц	1.760	20%	
				03Vs02
МАРТ	**ВКУПНО**	**6.230**	100%	**-29%**
	ЗОНА- А	1.450	23%	-50%
	ЗОНА – Б	3.480	56%	-17%
	ЗОНА – Ц	1.300	21%	-26%
				04Vs03
АПРИЛ	**ВКУПНО**	**2.393**	100%	**-62%**
	ЗОНА- А	659	28%	-55%
	ЗОНА – Б	1.678	70%	-52%
	ЗОНА – Ц	56	2%	-96%
				05Vs04
МАЈ	**ВКУПНО**	**2.716**	100%	**13%**
	ЗОНА- А	895	33%	36%
	ЗОНА – Б	1.774	65%	6%
	ЗОНА – Ц	47	2%	-16%

06Vs05

ЈУНИ	**ВКУПНО**	**4.533**	100%	**67%**
	ЗОНА- А	1.218	27%	36%
	ЗОНА – Б	3.168	70%	78%
	ЗОНА – Ц	147	3%	212%

07Vs06

ЈУЛИ	**ВКУПНО**	**4.481**	100%	**-1%**
	ЗОНА- А	1.355	30%	11%
	ЗОНА – Б	3.020	67%	-5%
	ЗОНА – Ц	106	3%	-28%

08Vs07

АВГУСТ	**ВКУПНО**	**3.587**	100%	**-21%**
	ЗОНА- А	1.010	28%	-25%
	ЗОНА – Б	2.475	69%	-18%
	ЗОНА – Ц	102	3%	-4%

09Vs08

СЕПТЕМВРИ	**ВКУПНО**	**4.549**	100%	**27%**
	ЗОНА- А	1.527	34%	51%
	ЗОНА – Б	2.892	63%	17%
	ЗОНА – Ц	130	3%	27%

.

3. ПАРКИРАЊЕ со издавање на Годишни РЕЗЕРВИРАНИ паркинг места

РЕЗЕРВИРАНИ годишни паркинг места

на ПРАВНИ лица	**ВКУПНО**	**14**	100%
	ЗОНА- А	5	35%
	ЗОНА - Б	9	65%
	ЗОНА - Ц	0	0%

4. ПАРКИРАЊЕ со МЕСЕЧНИ паркинг карти (со Годишен договор)

МЕСЕЧНИ ПАРКИНГ КАРТИ - за Физички и Правни лица

МЕСЕЧНИ	**ВКУПНО**	**150**	100%
	ЗОНА- А	128	85%
	ЗОНА – Б	9	6%
	ЗОНА – Ц	13	9%

5. ПАРКИРАЊЕ со КАРТИ ЗА ВРАБОТЕНИ

ПОВЛАСТЕНИ за ВРАБОТЕНИ –со Месечни Договори

ВРАБОТЕНИ	**ВКУПНО**	**198**	100%
Договори во -	ЗОНА- А	13	7%
Договори во -	ЗОНА - Б	173	87%
Договори во -	ЗОНА - Ц	12	6%

5. ПАРКИРАЊЕ со ГОСТИНСКА / ВИКЕНД и ДНЕВНА КАРТА

ВИКЕНД и ДНЕВНИ	ВКУПНО 1-9 м.	29	100%

6. ПАРКИРАЊЕ со СТАНАРСКИ ПОВЛАСТЕНИ КАРТИ

СТАНАРСКИ ПОВЛАСТЕНИ годишни Договори за паркинг

СТАНАРСКИ	**ВКУПНО**	**1.177**	100%
Договори во -	ЗОНА- А	154	14%
Договори во -	ЗОНА - Б	352	33%
Договори во -	ЗОНА - Ц	671	53%

7. ИЗДАДАВАЊЕ НА ГАРАЖНИ МЕСТА во - ДЕПО

ИЗДАДЕНИ ГАРАЖНИ МЕСТА ВО ДЕПО - Северен Булевар

ВКУПЕН КАПАЦИТЕТ	**221 места**	100%
ИЗДАДЕНИ гаражи	211	95%
СЛОБОДНИ места	10	5%

8. БЛОКИРАЊЕ НА ВОЗИЛА- НЕПРОПИСНО ПАРКИРАНИ

БЛОКИРАНИ ВОЗИЛА - НЕПРОПИСНО ПАРКИРАНИ

БЛОКИРАНИ	**ВКУПНО**	**1.072**	100%
	Февруари	97	9%
	Март	104	10%
	Април	81	8%
	Мај	76	7%
	Јуни	215	20%
	Јули	176	16%
	Август	131	12%
	Септември	192	18%

9. ИНТЕРВЕНИРАЊЕ СО ВОЗИЛО НА ПАЈАК-СЛУЖБА

ПАЈАК-СЛУЖБА - ОДНЕСЕНИ во ДЕПО / НА ЛИЦЕ МЕСТО

МЕСЕЦ	Пренесени на Депо	На лице место	Вкупно интервенции	% по месец
Јануари	14	14	28	8%
Февруари	28	16	44	13%
Март	17	9	26	8%
Април	4	5	9	3%
Мај	22	4	26	8%
Јуни	42	13	55	16%
Јули	19	7	26	8%
Август	36	33	69	21%
Септември	38	15	53	16%
Октомври			0	0%
Ноември			0	0%
Декември			0	0%
ВКУПНО	220	116	336	100%

На инвалидизирани лица издадени се вкупно 74 повластени паркинг карти, 1 Паркинг место за хибридни возила. На овластени дистрибутери на стока по мислење и налог на Комунален и сообраќаен инспектор издаедни се 6 дозволи за паркирање.

Во делот на резултатите кои во наредниот период треба да се очекуваат од интервенциите на Пајак-службата, треба да се напомене дека потешко ќе може со голема сигурност да се планираат и таргетираат бидејќи во голема мера зависи од други фактори, како што се дисциплинираноста на возачите, ограничувањата за движење како и од ажурноста и асистенцијата на полицијата и комуналната инспекција. За очекување е да во следниот период додека важат овие ограничувачки фактори, послаба ќе биде и ангажираноста и асистенцијата на полицијата во нашето работење, заради дополнителните ангажирања кои ќе ги имаат во делот на справувањето со кризата.

2. ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ ЗА ПЕРИОЛОТ Јануари-Јуни 2020

Во периодот Јануари-Септември во деловната 2020 година, ЈП ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ, Кавадарци оствари негативен финасиски резултат – загуба во износ од **5.624.125** денари. Приходите заклучно со 30.09.2020 година изнесуваат **8.813.696** денари. Расходите заклучно со 30.09.2020 година се во износ **14.437.821** денари.

Тоа што е позитивен тренд во оваа тромесечие е, како што може да се забележи и подолу од табелата, е дека загубата бележи тренд на намалување во месеците 7,8 и 9. Вкупниот кумултивен резултат е за пеиодот од Јануари до Септември, но мора да се земе во предвид дека со работа се отопочна кон средината на месец Февруари, па одма после тоа следеа 3 месеци на карантин со полициски час, кога фактички и немаше позналителни актвности, а фиксните трошоци се кумулираа и за овој период, при што се створи најголемата загуба во периодот. Во месеците 7,8 и 9, кога дојде до раздвижување и олабавување на мерките дојде и до позитивен трена во пораст на резултатите од работењето. Така ако го земеме резултатот само од 3-то тромесечие се гледа дека загубата во овој период е 1.226.138 ден. или просечно месечно е 422.046 денари, за разлика од претхоните 6 месеци кога се кумулира загуба во износ од 4.357.987 денари или просечно месечно по 726.331 денари што е скоро за дупло помалку во тековното тромесечие.

Очекувањата за до крајот на тековната година се, дека доколку остане и се задржи овој тренд на работење, со просечно дневна динамика на сса. 1200-1300 СМС пораки дневно, ќе се создава многу помала месечна загуба и ќе се дојде до натамошно пеглање на вкупниот резултат за годината и таа ќе биде завршена со вкупен резултат од сса. -6.100.000 ден. или околу 100.000 евра загуба.

Или како еден Заклучок е дека 75% од вкупната загуба ќе биде резултат на работењето во првите 6 месеци од работењето, а да во наредните 6 месеци сосотојбата драстично се подобрува со позитивен тренд до крајот на годината.

Составен дел на извештајот е Билансот на успех и Билансот на состојба.

2. БИЛАНС НА УСПЕХ

ПРИХОДИ - ВКУПНО Јануари-Септември 2020		БУ 01.01-30.06	БУ 01.07-30.09	01.01.-30.09	eur
		01.01-30.06	samo 7,8 i 9/2020		
Назив на приход	Вкупно до 31.09.2020	Вкупно до 30.03.2020	7,8,9 - 2020	Структура	0
Приход од гаражни места-Депо	365.069	167.050	198.019	4,1%	5.936
Приходи од Пајак и Блокатори	1.323.413	697.842	625.571	15,0%	21.519
Приходи од СМС од Оператори	2.815.169	1.189.296	1.625.873	31,9%	45.775
Птиходи од годишни Резевирани места	420.785	397.708	23.077	4,8%	6.842
Приходи од Станари-повластени карти	1.095.540	1.019.925	75.615	12,4%	17.814
Приходи од месечни карти	484.071	318.844	165.227	5,5%	7.871
Приходи од карти Вработени	202.844		202.844	2,3%	3.298
Приходи од Дневни и Викенд карти	6.408		6.408	0,1%	104
Приходи од Билет-грепки- од Дистрибутери	960.400	565.566	394.834	10,9%	15.616
Останати приходи	39.367	16.758	22.609	0,4%	640
Приходи од субвенции и дотации	879.615	0	879.615	10,0%	14.303
Приходи од Оператори-нефактурирани	221.015	490.856	-269.841	2,5%	3.594
Вкупно приходи	8.813.696	4.863.845	3.949.851	100,0%	143.312

РАСХОДИ - ВКУПНО Јануари-Септември 2020				01.01.-30.09	eur
Назив на расход	Вкупно до 30.09.2020	Вкупно до 30.06.2020	Вкупно 07,08,09	Структура	0
МАТЕРИЈАЛНИ ТРОШОЦИ ЗА ТЕКОВНО РАБОТЕЊЕ И ОДРЖУВАЊЕ	1.396.334	1.178.769	217.565	9,7%	22.705
Трошоци за материјали	264.463	297.701	-33.238	1,8%	4.300
Трошоци за енергија, вода и енергенси	315.307	104.499	210.808	2,2%	5.127
Трошоци за одржување	120.524	28.000	92.524	0,8%	1.960
Трошоци за СИ и ХТЗ	696.040	748.569	-52.529	4,8%	11.318
УСЛУГИ со карактер на материјални трошоци	1.207.131	877.358	329.773	8,4%	19.628
ПТТ,Интернет,Телефони	314.277	195.673	118.604	2,2%	5.110
ОБЕЗБЕДУВАЊЕ	346.182	346.182	0	2,4%	5.629
Останати услуги, дог.за дело	546.672	335.503	211.169	3,8%	8.889
ОСТАНАТИ ТРОШОЦИ НА РАБОТЕЊЕТО	1.058.758	622.391	436.367	7,3%	17.216
Надоместоци за членови на УО и НО	512.000	368.904	143.096	3,5%	8.325
Трошоци за осигурување на возила	28.372	14.610	13.762	0,2%	461
Банкарски трошоци, провизии на Оператори	183.021	85.681	97.340	1,3%	2.976
Даноци, такси, персон.данок,такси,кирии	254.558	73.760	180.798	1,8%	4.139
Останати расходи, отписи, донации	80.807	79.436	1.371		

ПЛАТИ И НАДИМЕСТОЦИ	**9.937.205**	**6.237.661**	**3.699.544**	**68,8%**	161.581
Нето плати	**6.683.881**	**4.195.242**	**2.488.639**	46,3%	108.681
Персонален данок на плати	**470.917**	**295.875**	**175.042**	3,3%	7.657
Придонеси на плати	**2.782.407**	**1.746.544**	**1.035.863**	19,3%	45.242
АМОРТИЗАЦИЈА	**597.873**	**145.651**	**452.222**	**4,1%**	9.722
Амортизација на опрема во администарција	**397.482**	**108.000**	**289.482**	2,8%	6.463
Амортизација на опрема-за директна дејност	**200.391**	**37.651**	**162.740**	1,4%	3.258
			0		
РАСХОДИ ЗА КАМАТА ПО КРЕДИТИ	**240.520**	**160.002**	**80.518**	**1,7%**	3.911
ВКУПНИ РАСХОДИ	**14.437.821**	**9.221.832**	**5.215.989**	**100,0%**	**234.761**
ЗАГУБА	**-5.624.125**	**-4.357.987**	**-1.266.138**		**-91.449**
	-€ 91.449	**-€ 70.862**	**-€ 20.588**		
Просечно загуба по месец	**-624.903**	**-726.331**	**-422.046**		

ПРИХОДИ – Објаснување и очекувања

Износот на вкупните приходи е како што се гледа 100% од основната дејност и во овој период ЈП Паркинг нема остварено друг вид на приходи. Од структурата на приходите се гледа и во овој период дека 35% се остварени од основните услуги кои треба да бидат доминантни во структурата, т.е. од СМС паркирање и 11% од паркирање со Билет-грепки. Приходите од Пајак и Блокатори учествуваат со 15% во структурата на приходите. Остатокот отпаѓа на Приходи од Станари со 12%, Приходите од резервирани паркинг места со 5%, Приходите од Месечни карти и вработени со 8% и Приходите од закуп на гаражи со 4% учество во вкупните приходи, и 10% од дотации.

За очекување е дека во следниот период Приходите од СМС пораки и Билет-грепки, ке растат и номинално и процентуално во структурата на приходите и треба да достигнат процентуално учество во приходите од 50%. Приходите од Пајак и Блокатори треба да пораснат и номинално и процентуално и ке учествуваат со 15%, Приходите од Станари со повластени карти би стагнирале, бидејќи се на годишно ниво и ке намалат со процентуално учество од околу 6-7%, Приходите од Резервирани места ке стагнираат и како годишни приходи ќе учествуваат со цирка 3% во вкупните приходи, Приходите од Месечни карти линеарно ке се кумулираат на месечно ниво со процентално учество од околу 6-8%, а Приходите од гаражи во Депо се сосема лимитирани заради ниската цена и ограничен капацитет и ке останат на исто номинално ниво а со процентуално учество од цирка 3% во вкупните приходи. Со новиот производ во нашето портфолио а то се Месечните паркинг карти за Вработени, се очекува месечен линеарен прилив на средства кои би требало да учествуваат со цирка 2-3% во Вкупните приходи. Остатокот од потребните и проектираните приходи во износ од 12-15% би биле -Други приходи, од субвенции и дотации.



Р А С Х О Д И – ОБЈАСНУВАЊА

МАТЕРИЈАЛНИ ТРОШОЦИ ЗА ТЕКОВНА РАБОТА – 9,7%

Во оваа група трошоци- трошоци за суровини и материјали спаѓаат следните трошоци: потрошни- помошни материјали и средства за чистење, канцелариски материјали, електрична енергија, вода и гориво, инвентар, автогуми и ХТЗ опрема.

Гледаме дека во структурата на вкупните трошоци учествуваат со 9,7%, од кои најголема ставка се трошоците за ситен инвентар и ХТЗ опрема, т.е ова се еднократни трошоци на почетокот на годината кога е набавена потребната хтз опрема за вработените и се набавени сите информативни и сообраќајни табли за зонското паркирање, а кој трошок во наредните неколку години нема да се појавува. Процентуално, овие трошоци ке опаднат во структурата на вкупните расходи на ниво од 6-7%.

ТРОШОЦИ ЗА УСЛУГИ-8,4%

Во оваа група на трошоци спаѓаат: трошокот за ПТТ услуги, телефонски електронски комуникации, понатаму трошоците за тековно одржување на материјалните и нематеријалните основни средства и ситен инвентар, бележење, закуп, комунални услуги, трошоците за обезбедување, администрирање на системот за зонско паркирање како и трошокот за времените вработувања.

ОСТАНАТИ ТРОШОЦИ НА РАБОТЕЊЕТО-7,3%

Во оваа група влегуваат трошоците за надоместоци на членови на УО и НО, провизии за Оператори, осигурување, банкарски трошоци, дневници, патни трошоци, такси и др.

ПЛАТА, НАДОМЕСТОЦИ ОД ПЛАТА-68,8%

Трошокот за плати, данок и придонеси на плати за вработените е со најголемо процентуално учество во вкупните расходи, и е значително поголем во структурата на расходите споредено со други сродни компании. И во следниот период овие трошоци линеарно ке растат а процентуалното учество ке биде помеѓу 72-75% од вкупните расходи, што би било околу 10% повеќе во структурата на трошоците во споредба со вообичаените кај другите сродни ЈП Паркинзи, од причини помеѓу другото и што дел од вработените кои досега беа ангажирани со договор за дело, сега поминуваат на редовен платен список, па ставката на бруто плати и номинално и процентуално ќе порасне во структурата на трошоците.

АМОРТИЗАЦИЈА-4,1%

Трошокот за амортизација се пресметува согласно Номенклатурата за стапки на амортизација по линеарен принцип, на набавната вредност на основните средства, и зависно од новите набавки и инвестиции, ке учествува со 4-5% во вкупните расходи.

ФИНАНСИСКИ РАСХОДИ-1,7%

Во рамките на финансиски расходи е трошокот за камата која месечно се плаќа на долгорочниот кредит од ЦКБ, и истиот процентуално до крајот на годината ке учествува во вкупните расходи со околу 4-5%.



3. БИЛАНС НА СОСТОЈБА на 30.09.2020

АКТИВА		
АКТИВА	Состојба на 30.09.2020	Структура
Постојани деловни средства (Основни сред.)	4.126.354	49%
Нематеријални срества -Софтвер	1.597.760	19%
Постројки и опрема	46.100	1%
Транспортни средства	2.109.649	25%
Погонски и канцелариски мебел	285.460	3%
Компјутери и друга ИТ опрема	497.788	6%
Вложување во недвижност, реновирање	334.700	4%
Амортизирана вредност	-745.103	-9%
ТЕКОВНИ (Обртни средства)	4.343.004	51%
Парични средства на сметка	335.543	4%
Побарувања - купувачи (од основна дејност)	1.249.557	15%
Побарувања за ДДВ	103.316	1%
Побарувања од државни органи и институции	2.300.000	27%
Залихи на М-јали, СИ, ЛЗС	133.573	
Пресметани а нефактурирани побарувања	221.015	3%
ВКУПНА АКТИВА	8.469.358	100%

ПАСИВА		
	Состојба на 30.09.2020	Структура
А-Главнина и резерви	-5.963.187	-70%
Основна главнина	307.471	4%
Пренесена загуба од минати години	-646.533	-8%
Загуба во тековен период	-5.624.125	-66%
Б-ОБВРСКИ - Долгорочни	8.000.000	94%
Долгорочни кредит - ЦКБ Банка	8.000.000	94%
Ц-ОБВРСКИ - Краткорочни	3.117.679	37%
Добавувачи	625.366	7%
Обврски кон вработените-нето плата	821.424	10%
Обврски за даноци и придонеси од плата	404.141	5%
Обврски за ДДВ од излезни фактури	622.043	7%
Обврски за комун.такса	644.705	8%
Д-ПАСИВНИ ВРЕМЕНСКИ РАЗГРАНИЧУВАЊА	3.314.866	39%
Одложени приходи за идни периоди	3.314.866	39%
ВКУПНА ПАСИВА	8.469.358	100%

А К Т И В А

а) ПОСТОЈАНИ ДЕЛОВНИ СРЕДСТВА (Основни средства)

ЈП ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ, Кавадарци заклучно 31.09.2020 година има евидентирано Постојани деловни средства и тоа најголема ставка-Софтвер за зонско паркирање и софтвер и за финансиско работење, транспортни срества за обавување на дејноста и канцелариска опрема, мебел и информатичка опрема за обавување на дејноста. Основните средства во сруктурата на Вкупната актива учествуваат со 49%. Има евидентирано и средства за реконструкција и реновирање на деловните простории за кои се чека да се реши проблемот со сопственоста или закуп на истите за да може да се затвори и активира инвестицијата во подготовка.

б) ТЕКОВНИ (ОБРТНИ СРЕДСТВА)

ПАРИЧНИ СРЕДСТВА - на трансакцискатa сметка со кои располага претпријатието во ЦКБ Банка, преку која се врши тековното работење со наплата и исплата на побарувањата и обврските.

ПОБАРУВАЊА ОД КУПУВАЧИТЕ – Кои се на ниско ниво бидејки сите побарувања се наплатуваат авансно или во рок од неколку дена, освен од Операторите кај кои имаме рокови на наплата во периоди од 30 до 45 дена.

АКТИВНИ ВРЕМЕНСКИ РАЗГРАНИЧУВАЊА- Евидентирани се пресметаните а нефактурирани приходи од Операторите, кои се за тековниот период-месец Март, но заради процедурите на Операторите не може да се фактурираа на крајот на периодот.

Вкупните тековни обртни средства исто така учествуваат со 51% во вкупната Актива.

П А С И В А

а) ГЛАВНИНА И РЕЗЕРВИ

Главнината на претпријатието моментално има негативна вредност, бидејки основната главнина при основањето на претпријатието е помала од износот на искажаните загуби кои се евидентирани од минатата година и евидентно земената и вкалкулирана загуба во тековното тромесечие.

б) ОБВРСКИ - ДОЛГОРОЧНИ

Претпријтијето има догорочни обврски, по основ на земен долгорочен кредит во износ од 8.000.000 денари од ЦКБ Банка, за отпочнување со работа и почетно инвестирање во потребните ресурси за обавување на дејноста. Истите се со грејс период до Ноември-2020, од кога започнува отплатата на кредитот.

б) ОБВРСКИ - КРАТКОРОЧНИ

ОБВРСКИ КОН ДОБАВУВАЧИ, - од тековно работење кои немаат рок на каснење, т.е. сите обврски кон добавувачите навреме се исплаќаат.

ОБВРСКИ КОН ВРАБОТЕНИТЕ- нето плата и придонеси за тековниот месец.
ОБВРСКИ ЗА КОМУНАЛНА ТАКСА, - дел од приходите, за кои по Одлука на совет на општината се пресметува комунална такса од 12% на износот на нето-услугата без ДДВ. Комуналната такса се пресметува веднаш при фактурирањето или при извршувањето на услугата, и истата веднаш и директно се книжи и евидентира како Обврска за комунална такса на сметката од групата 23, без претходно евидентирање како приход па сторнирање на приход и книжење на трошок.

д) ПАСИВНИ ВРЕМНСКИ РАЗГРАНИЧУВАЊА- ОДЛОЖЕНИ ПРИХОДИ

На оваа сметка и билансна позиција се евидентирани Одложени приходи за идни периоди кои се однесуваат на примена Донација од Општината во вид на Специјално возило-Пајак и 4 фискални каси во 2019 год., како и износот на одобрената Дотација од Советот на Општина Кавадарци, која е делумно искористена во износ од 700.000 денари, а остатокот е евидентиеран како ПВР-Одложени приходи, кои ќе се ефектуираат во моментот кога дотациите ќе бидат исплатени. Ова е согласно МСС 21 и 22, т.е. не се евидентирани како приход од субвенции во периодот, туку сразмерно на ефектуираните трошоци за амортизација на донираната опрема во пресметковниот период, и наплатениот дел од дотацијата- така и аликвотен дел од ПВР се пренесува на сметката на Приходи од субвенции, што значи дека ПВР сукцесивно ке се оприходуваат во секој следен пресметковен период до конечната амртизација на средствата или исплатата на донацијата.

4. ЗАКЛУЧОК

Во првиот девет месечен период од годината, нашето претпријатије работеше со негативен финасиски резултат- загуба од -5.624.125 денари. Ова се должи на повеќе фактори:
1.Како прво, со СМС паркирањето се започна со работа од дата 05.02.2020, при што имаше и еден толерантен период на навикнување,известување на граѓаните на Општина Кавадарци, до празникот Св.Трифун. Почетокот т.е. втората половина од месец Февруари беше одличен со цца 30.000 СМС пораки и со добра искористеност на едно паркинг место.
2.КОРОНА-Кризата. Почетокот на месец Март покажа и најави добри приходи на дневно ниво,се до воведувањето на вонредна ситуација и појавата на вирус епидемија во државата од КОВИД-19. По воведувањето на вонредна ситуација и полициски час,видно паднаа приходите,се ограничи движењето на населението и доведе да претпијатието не работи со полн капацитет. Ваквата ситуација продолжи и во месец Април со уште послаби резултати а од месец Мај почна благо покачување во бројот на СМС пораките, истиот тренд продолжува и во Јуни, но сеуште не може да се постигне бројот на СМС пораки што го имавме во Февруари за само 15-20 дена. Сето ова допринесе да се изгуби приходот од СМС пораки и да се генерира загубата на оваа ниво.
3.Треба да се напомене и фактот дека од месец Март па се до сега, половина од нашите вработени-контролори, учествуваат во фарбање и обележување на улиците и паркинзите, но ова допринесе да паркинг-зоните остануваат недоволно покриени со контролори, бидејќи физички е невозможно со 5-6 контролори квалитетно да се покриваат и да се контролираат сите Зони, а тоа значи помалку СМС пораки и помали приход по овој основ.
4.Во месеците Јули, Август и Септември, започна нагорен тренд и пораст во делот на СМС паркирањето, при што се достигнува просечно дневно помеѓу 1200-1300 СМС паркинг

сесии. Исто така, од почетокот на месец Септември беа воведени неколку нови артикли во портфолиото на услуги на ЈП Паркинг и тоа- Месечна карта за вработени и Месечна карта за паркирање на сите зони (со обврзувачки годишен договор), што имаше позитивен импакт во работењето во оваа тромерсечие. Ова резултираше, како што може и претходно да се види од табелите и билансите, дека финансискиот резултат-загубата е многу помала за разлика од претходните 6 месеци, со очекување дека до крајот на годината, доколку не дојде до некое драстично влошување на ситуацијата со Ковид-19 и некои нови рестриктивни мерки во движењето, со овој тренд на СМС паркирања и останатите предвидени приходи, негативниот резултат ке се стабилизира на приближно оваа ниво во апсолутни бројки а процентуално и во релативни броеви загубата ќе биде помала во однос на претходните месеци.

Евентуални нови рестриктивни мерки и ограничувања, секакво дека дополнително би ги влошило финасиските резултати.

Очекуваме добрата соработка со нашиот основач Општина Кавадарци да продолжи и во иднина и да се преземат мерки со кои ќе се надминат гореспоменатите потешкотии како би можело претпријатието и понатаму да остварува позитивни резултати во работењето.

Одделение за финансии
Јордан Настов

ЈП ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ
Директор Тошко Дафков

Врз основа на член 19 од Законот за јавните претпријатија(Сл.весник на РМ бр.38/96...64/2018), член 34 од Статутот на ЈП„ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ“ Кавадарци(Сл.гласник на Општина Кавадарци бр.15/2018г.) Управниот Одбор на седница одржана на ден 21.10.2020 година , ја донесе следната :

О Д Л У К А

За усвојување на Извештај за работењето на на Јавното претпријатие за јавни паркиралишта “ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ“ за период од 01.01.2020-30.09.2020 година.

Член 1

Со оваа Одлука се усвојува Извештај за работењето на на Јавното претпријатие за јавни паркиралишта “ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ“ за период од 01.01.2020-30.09.2020 година бр.03-1892/3 од 21.10.2020 година.

Член 2

Одлуката стапува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува по добивањето на согласност од Советот на Општина Кавадарци.

Бр.03-1893/3
21.10.2020 година
Кавадарци

Управен Одбор
на ЈП„ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ„ Кавадарци
Претседател
Зоран Бањански

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.5/2002), а во врска со член 11 став 1 точка 7 од Законот за јавните претпријатија („Сл.весник на РМ„ бр.38/96....35/19), член 82 став 1 точка 33 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.Гласник на Општина Кавадарци" бр.8/05, 14/10, 24/10, 38/19), расправајќи Извештај за работењето на ЈП за јавни паркиралишта„ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ „ Кавадарци за период од 01-01.2020 -30.09.2020 година,

Советот на Општина Кавадарци на 48-та седница одржана на ден 28.10.2020 година, донесе

О Д Л У К А

за усвојување Извештајот за работењето на ЈП за јавни паркиралишта„ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ „ Кавадарци за период од 01-01.2020 -30.09.2020 година

Член 1

СЕ УСВОЈУВА Извештајот на ЈП за јавни паркиралишта„ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ „ Кавадарци за период од 01-01.2020 -30.09.2020 година, со арх.бр.03-1893/3, донесен на седница на Управен Одбор на ЈП за јавни паркиралишта„ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ „ Кавадарци одржана на ден 21.10.2020 година.

Член 2

Одлуката влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавување во „Службен Гласник на Општина Кавадарци".

Бр.08-5608/21
28.10.2020 година
К А В А Д А Р Ц И

СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ
Претседател,
Ристо Сакалиев